РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-2994/1

20-06-2023 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 88-та седница одржана на 16.06.2023 година ја донесе следната

**ОДЛУКА**

Пријавата заведена под број 12-9080/1 од 31.10.2022 година, со наводи за фаворизирање на правно лице од страна на јавен обвинител, **СЕ ОТФРЛА.**

ДКСК утврди дека согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси нема елементи за надлежно постапување, а пријавата да се достави на надлежно постапување на Јавно обвинителство на Република Северна Македонија.

Предметот со број 12-9080/1 од 31.10.2022 година да се затвори и архивира.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

**Образложение**

Од страна на Инспекцискиот совет, на ден 31.10.2022 година, препратена е пријава на надлежно постапување со наводи за фаворизирање на правно лице од страна на јавен обвинител и оформен е предмет број 12-9080/1 од 31.10.2022 година.

Пријавата е поднесена од страна на погребално претпријатие ------------------------- и во истата се укажува на фаворизирање на погребално претпријатие ------------------------- од страна на јавен обвинител ----------------------- во однос на транспорт на починато лице до судска медицина за вршење обдукција. Во пријавата се наведува дека единствено право да одлучи кој погребален оператор ќе биде повикан има семејството на починатото лице и ниту еден погребален сервис и институција не смее да склучи договор за соработка.

По разгледување на предметните наводи, ДКСК оцени дека нема елементи за надлежно постапување во конкретниот случај а пријавата да ја достави на надлежно постапување на Јавното обвинителство на Република Северна Македонија, по што одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Доставено до:
Подносителот на пријавата

Изготвил: Б.К.Ш.
Одобрил: м-р В.Г., Член на ДКСК

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Заменик Претседател**
**Катица Николовска**

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk